


## Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ работат многу повеќе од пратениците на СДСМ, а тоа е запирање на штетни закони и политики, глумат власт, а немаат кворум во Собрание

Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ работат многу повеќе од пратениците на СДСМ, а тоа е запирање на штетни закони и политики кои власта сака да ги протурка.

Немаат кворум во Собрание, а глумат влада. Тоа што СДСМ не може да обезбеди кворум во Собранието е само потврда дека нивните пратеници не го работат тоа за што добиле мандат од граѓаните.

Активната блокада на ВМРО-ДПМНЕ дава резултати, власта не може да изгласа дневен ред  откако СДСМ и ДУИ не го поддржаа законот за АРМ на ВМРО-ДПМНЕ и се ставија против војската и припадниците на армијата,

Немаа кворум вчера, а немаат ниту денеска. Тоа само покажува дека целта им се личните интереси, наспроти интересите на граѓаните и државата.

За разлика од власта, ВМРО-ДПМНЕ остануваат активни во Собрание и ќе ги спречат сите штетни закони кои не носат економски придобивки за државата, туку имаат за цел полнење на џебовите на функционерите од владата, како е законот за формирање посебна лотарија.

ВМРО-ДПМНЕ ќе продолжи со активната блокада да работи во интерес на граѓаните и нема да дозволи власта да носи штетни закони, нема да помине ниту еден закон кој носи придобивка единствено на СДСМ и ДУИ.

Единствен излез од оваа ситуација е Ковачевски да собере храброст и да спроведе дијалог и да излезе на предвремени парламентарни избори.